Куманово, ул.Октомвриска Револуција бр.49 локал 10
тел. 031 422 762, факс 031 422 761
www.proaudit.com.mk
kontakt@proaudit.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ
# на
# ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА ПРОАУДИТ ДОО КУМАНОВО
# ЗА 2013 ГОДИНА

Согласно барањата за Законот за ревизија во Република Македонија (Сл.Весник на РМ бр. 79/2005, 158/2010 и 135/2011), Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово го објавува овој Извештај за транспарентност.

Содржина на извештајот:

1. Опис на правната структура и сопственост на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово.
2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припаѓа.
3. Опис на управувачката структура на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово.
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово и изјава од управувачкото тело за ефективноста на неговото функционирање.
5, Датумот кога е извршена последната проверка за уверување на квалитетот на ревизорот.
6. Список на субјекти кај кои е извршена ревизија во текот на 2013 година.
7. Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усоглаеноста на независноста на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово
8. Изјава за политиката што ја следи Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово за континуирана едукација на овластените ревизори.
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизија и од други надоместоци.
10. Информација за основите по кои се утврдуваат примањата на овластените ревизори во Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово.

## 1. Опис на правната структура и сопственост на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово

Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово е основано согласно Законот за ревизија и Законот за трговски друштва како друштво со ограничена одговорност. Друштвото е основано во 2001 година под назив Друштво за ревизија МАРЛЕКО ДОО Скопје. На 11.02.2003 година врз основа на трајните уверенија за овластени ревизори, со кои се здобија основачите на Друштвото, истото од Министерството за финансии добива трајна дозвола а работа.

Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово е во целосна сопственост на 2 (две) физички лица, овластени ревизори согласно Законот за ревизија и тоа:

- Соња Зафировиќ и
- Стојан Вељковски.

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово делува како локално друштво за ревизија на територијата на Република Македонија и не припаѓа на некоја локална, регионална или глобална професионална мрежа.
Друштвото е основано и работи со цел давање на услуги на комитентите кои делуваат на пазарот во Република Македонија.

## 3. Опис на управувачката структура на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово

Согласно Договорот за основање на друштвото управувачката структура на Друштвото е следната:

- Собир на содружници и
- Управители на друштвото.

## 4.Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот на Друштвото за ревизија ПРОАУДИТ ДОО Куманово и изјава од управувачкото тело за ефективноста на неговото функционирање.

За воспоставување на системот на контрола на квалитетот се применувааат одредбите на Меѓународниот стандард за контрола на квалитетот 1.
Системот за контрола на квалитетот се состои од политики дизајнирани да обезбедат разумно уверување дека фирмата и нејзиниот персонал се придржуваат кон професионалните стандарди и законските и регулаторни барања и дека извештаите издадени од Друштвото се соодветни на околностите. Политиките и постапките се изготвени во писмена форма и истите се презентирани на вработените во Друштвото. Крајна одговорност за воспоставување и функционирање на системот на контрола на квалитетот ја превзема управителот на Друштвото.

Системот на контрола на квалитетот вклучува политики и процедури кои ги дефинираат следните елементи:

а. Одговорност на раководните лица за квалитет во рамките на Друштвото.
б. Етички барања.
в. Прифаќање и продолжување на односот со клиентот и специфични ангажмани.
г. Човечки ресурси.
д. Извршување на ангажмани.
ѓ. Следење.

а. Одговорноста на раководните лица за квалитет се воспоставува на тој начин што при извршување на работите, раководните лица се придржуваат кон професионалните стандарди и законските барања и издаваат извештаи кои се соодветни на околностите.
б. Етичките барања кои се однесуваат на ревизиите и проверките на финансиските информации се воспоставуваат преку придржување на основните принципи на професионалната етика и тоа: интегритет, објективност, професионална компетентност, доверливост и професионално однесување.

в. При прифаќањето и продолжувањето на односите со клиентите, Друштвото ги превзема следниве активности:
- го разгледува интегритетот на клиентот и не прифаќа ангажман доколку заклучи дека на клиентот му недостасува интегритет.
- при извршување на ревизијата може да ги применува етичките барања

г. Планирањето на човечките ресурси опфаќа активности со кои Друштвото анализира дали има достатно персонал со способност, компетентност и посветеност на етичките принципи неопходни за извршување на ангажманот. Тие активности се насочени кон регрутирање, оценка на работењето, способноста, компетентноста, развој на кариерата, унапредување, надоместок и проценка на потребите на персоналот.

д. Ангажманите се извршуваат во согласност со професионалните стандарди и регулаторните и законските барања, а извештаите се соодветни на околностите. Преку своите политики и постапки Друштвото настојува да воспостави конзистентност во квалитетот на извршување на ангажманот.

ѓ. Целта на следењето на усогласеноста на политиките и постапките за контрола на квалитетот треба да обезбеди оценка: на усогласеноста со професионалните стандарди и законските и регулаторни барања, дали системот на контрола на квалитетот бил соодветно дизајниран и ефективно имплементиран, дали политиките и постапките биле соодветно применети за да извештаите бидат соодветни на околностите.

Управителите на друштвото изјавуваат дека воспоставениот внатрешен систем на контрола на квалитет на Друштвото функционира на ефективен начин.

## 5.Проверка во уверување во квалитетот на ревизорот

Последна сеопфатна контрола на квалитет на Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово е направена во февруари 2013 година од страна на овластено лице од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија.

## 6.Список на субјекти кај кои е извршена ревизија во 2012 година

Во текот на 2013 година Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово изврши ревизија кај следните субјекти:

- НАМА АД - Куманово
- АГРИА ГРУП ДОО - Велес
- Секјуриком мултисервис интернационал ДОО - Скопје
- Елида ДОО- Куманово
- Кратер ДООЕЛ - Скопје
- Плива ДООЕЛ- Скопје
- Канал 5 ДООЕЛ- Скопје
- СЕАВУС ДООЕЛ- Скопје
- АЛМА М ДООЕЛ- Скопје
- Тим поинт ДООЕЛ - Скопје
- Мега ДОО- Куманово
- МТ промет-1 ДООЕЛ – Струмица
- Авон козметикс–2 ДООЕЛ – Скопје
- Мотоцентар ДОО – Скопје
- Роби ДООЕЛ – Штип
- Солопром ДОО – Скопје
- Жито–Нама АД Куманово
- С и Т Македонија ДООЕЛ– Скопје
- Леов ком ДООЕЛ– Велес
- Метал-нет ДОО - Куманово
- Виндија интернационал ДООЕЛ - Скопје
- Роби инжинеринг ДООЕЛ – Штип

- Елмар АД – Штип
- Енмон ДООЕЛ – Велес
- Кватро ДОО - Куманово
- Мастерлине ДОО - Скопје
- Микротим ДОО - Куманово
- Офис плус ДООЕЛ – Скопје
- Рептил ДООЕЛ – Скопје
- Каприела ДООЕЛ – Скопје
- Мока пром ДООЕЛ – Куманово
- ААМ ДОО Скопје
- Леов Компани ДООЕЛ – Велес
- Кредит Експрес ДООЕЛ – Скопје
- Простор ДОО – Куманово
- Пуцко Петрол ДОО – Македонски Брод
- Агенција за са супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС - Скопје
- Бучен Козјак ДОО Куманово
- ПРО ЗДЕНКА КАБЛИ ДОО Неготино
- ОАЗА ДОО Штип
- ТДА ДОО Скопје
- Меѓународно училиште НОВА Скопје
- ЕКСИМА ДООЕЛ Скопје
- ПРОЛУКС АД Велес
- СЕР ЛУКА ДООЕЛ Скопје
- ВЕМЕД ДООЕЛ Велес
- ПРОГРЕС 1998 ДООЕЛ с.Вруток Гостивар
- АПС ДООЕЛ Скопје
- МЕТАМЕДИКО ДООЕЛ Скопје

## 7.Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеност на независноста на Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

Согласно барањата на Законот за ревизија, како и донесените политики и постапки за контрола на квалитетот на Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово, се воспоставени следните интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста:

- Партнерот-управител е задолжен да ја утврдува независноста на Друштвото во однос на клиентите, со цел да се спречат било какви ограничувања кои може да се сметаат како нарушување на независност, што го потврдува со давање на писмена изјава, вообичаено пред отпочнување на сезона на активности (месец ноември).
- Партнерот-управител задолжен за етички прашања е одговорен за одржување на листи на клиенти на Друштвото, кои се достапни до сите партнери и членови на персоналот, при што, секој партнер и член на персоналот ја утврдува својата независност по пат на давање на писмена изјава во однос на листата на клиенти на Друштвото, вообичаено пред започнување на сезоната на активности.

## 8.Изјава за политиката што ја следи Друштво за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово за континуирана едукација на овластени ревизори

Согласно барањата на Законот за ревизија, како и донесените политики и постапки за контрола на квалитетот на работата во Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово, секое посебно ниво на персонал има обврска за континуирана професионална едукација, и тоа:

- овластените ревизори во Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово имаат обврска за професионално усовршување од минимум 40 (четириесет) часа годишно, организирана од страна на професионалната организација на ревизорите во Република Македонија.
- ревизорите и асистенти-ревизори посетуваат семинари и курсеви за обука од областа на сметководството и ревизијата организирани во самото друштво, како и задолжителна посета на сите семинари, курсеви и обуки кои се одржуваат како претходна обука за полагање на испитот за овластен ревизор.

## 9. Финансиски информации

Во 000 денари

| | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| **Вкупен приход на друштвото** | **4.140** | **3.740** |
| **Поделба на приходот по видови на услуги** | | |
| - услуги на ревизија | 4.018 | 3.706 |
| - дополнителни услуги на уверување во квалитет | 49 | 11 |
| - даночни советодавни услуги | | |
| - други неревизорски услуги | | |
| - приходи од наемнини | 33 | |
| - приходи од камати, дивиденди и други приходи | 40 | 23 |

## 10. Информација за основите по кои се утврдуваат примањата на овластените ревизори

Примањата на овластените ревизори во Друштвото за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово се утврдени по следните основи:

- Сите овластени ревизори примаат фиксна плата во текот на целата година, согласно договорот за работа;
- Овластените ревизори кои се едновремено и капитални партнери во Друштвото, добиваат дивиденда, согласно учеството на секој од партнерите во капиталот на Друштвото.

Куманово,
28 март 2014 година

Друштво за ревизија
ПРО АУДИТ ДОО Куманово

Управител:
Стојан Вељковски

Друштво за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово